Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а согласно член 5 од Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година, Барањето за одобрување на средства за испит за јавни набавки, бр.03-2210/1 од 09.04.2014 година, а во врска со член 14-а став 3 и 4 и член 29-а од Законот за јавните набавки – Пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија", бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14 година), во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-2216/8 од 11.04.2014 година, на 23-та седница одржана на 11.04.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобруваат финансиски средства во вкупен износ од 6.000,00 денари, или 2.000,00 денари по лице, за посетување на обуката за обнова на знаењата од Модулот за договорни органи, од страна на следните лица, и тоа:
   - Цветанка Митревска, раководител на Секторот за правни работи,
   - Александар Џуваревиќ, соработник во Секторот за правни работи, и
   - Арбен Саити, раководител на Секторот за технологии и информатика.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Лицата Цветанка Митревска, Александар Џуваревиќ и Арбен Саити поседуваат потврда за положен испит за лице за јавни набавки. Важноста на потврдата за положен испит со која се стекнале, истечена е во месец јануари 2013 година.

Во врска со горенаведеното, Бирото за јавни набавки до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 31.03.2014 година достави Известување бр.10-649/23 од 25.03.2014 година (наш број 03-1908/1), со кое известуваат дека согласно нивната евиденција лицата Цветанка Митревска, Александар Џуваревиќ и Арбен Саити, потребно е да ја посетуваат обуката за обнова на знаењата од Модулот за договорни органи.

Следствено на тоа, од страна на погоренаведените лица на ден 09.04.2014 година, беше доставено Барање, бр.03-2210/1 од 09.04.2014 година, за одобрување на средства за посетување на обуката за обнова на знаењата од Модулот за договорни органи.

Со оглед на фактот дека наведените лица се активно вклучени во имплементирањето на одредбите од Законот за јавните набавки за потребите на Агенцијата, а во насока на почитување на одредбата од член 29-а од Законот за јавни набавки, според која договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат и работи од областа на јавние набавки, а кои имаат соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки, како и квалитетно извршување на работните задачи, се одлучи да се одобрат средства во висина од 6.000,00 денари, или 2.000,00 денари по лице, за посетување на оваа обука.

Следствено на сето погоре наведено, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), член 5 од Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за

радиодифузија на РМ, бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година, Барањето за одобрување на средства за испит за јавни набавки, бр.03-2210/1 од 09.04.2014 година, во врска со член 14-а став 3 и 4 и член 29-а од Законот за јавните набавки – Пречистен текст ("Службен весник на Република Македонија", бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/2014 година), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-2216/8 од 11.04.2014 година, на 23-та седница одржана на 11.04.2014 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Бр.** 02-2274/1

11.04 **2014 година**
**С к о п ј е**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за технологии и информатика;
- Секторот за економско-финансиски работи;
- Секторот за правни работи; и
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.